Агенцијата за пошти, постапувајќи во рамки на своите надлежности во смисла на член 48 став 1 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016 и 190/2016), во функција на прецизно интерпретирање и примена на правната рамка која се однесува на резервираната услуга, на ден 30.12.2016 година, го дава следното

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-206/1
30.12 2016 год.
СКОПЈЕ

**МИСЛЕЊЕ**

**ЗА РЕЗЕРВИРАНИТЕ ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ**

**Резервирана област, оцена на состојбите кои треба да се уредат и причини за тоа**

Еден од механизмите за обезбедување на одржливост на универзалната услуга, во процесот на постепена либерализација на поштенскиот пазар е постоење на резервирана услуга. Резервираните услуги се сет од услуги (најчесто традиционалните, од категоријата на писмоносни услуги, кои од земја до земја се различни по класа и вид, со одредена тежина) осмислени и наменети исклучиво за назначениот или избраниот давател на универзална услуга. Функцијата на резервираните услуги е да се обезбеди стабилен извор на финансирање на обврските од универзалната услуга во преодниот период, кои обврски се претпоставен товар за националниот оператор во процесот на негово прилагодување кон пазарни услови на работа во целосно либерализиран пазар. Во целосно либерализиран пазар не постои резервирана услуга. Постои и втор механизам за финансирање на универзалната услуга, тоа е компензациски фонд менаџиран од државата/регулаторот, кој за разлика од историско-традиционалната заснованост на резервирана област, се темели на докажан товар на обврските од националниот оператор, изразен преку нето трошоците на универзалната.

Природата на резервираната услуга во домашното законодавство по начинот на функционирање не се разликува од компаративните европски искуства пред 2012 година. Се работи за ценовен монопол за одреден опсег на поштенски услуги за пратки со тежина до 50 грама, кој служи како своевидна бариера за влез и раст на конкуренцијата во тие пазари на услуги. Приватните компании, лиценцирани за обезбедување услуги за писмоносни пратки на територија на Република Македонија, не смеат да обезбедуваат поштенски услуги во внатрешниот сообраќај за пратки за коресподенција и директна пошта со маса до 50 грама, за цена пониска од два и пол пати од цената која ја применува Македонска пошта за пратките за коресподенција од стандардна категорија во првата тежинска стапка, односно за директна пошта.

Иако по 2012 година тешко се пронаоѓаат компаративните искуства на оваа тема, бидејќи скоро и да не постои европска држава со резервирана област во поштенската индустрија (освен Србија, Албанија), фокусирајќи се на примената на она

што е пропишано во Законот, за опсегот на услугите (и пратките) од резервираната, неизбежен е заклучокот дека постојат сериозни недоречености во описот и содржината на овие услуги, како последица на непрецизноста и недореченостите во дефинициите на услугите и пратките, пропишани во Законот за поштенските услуги (ЗПУ). Овие недоречености, би требало да се надминат со јасна номенклатура на пратките и услугите во опсегот на универзалната услуга, која е во доменот на надлежностите на регулаторот, во смисла на одредбата од член 48 став 1 од ЗПУ.

Непрецизната и недоволна систематиката на групите, типовите и видовите поштенски пратки во Законот за поштенските услуги, доведува до погрешно толкување на поштенските услуги кои се во состав на резервираната област. Така прво и основно, во Законот (неоправдано) никаде не е употребен терминот „писмоносна пратка" ниту „писмо" како тип на писмоносна пратка. Па затоа од тука, кај пратките во состав на универзалната услуга, неосновано нејасно, е употребен општиот поим „поштенски пратки до 2 кг", наместо „писмоносни пратки до 2 кг". Тоа создава конфузија и особено недозволено преклопување на тој општ поим, со поимот „пакет" - кога е со тежина до 2 кг., бидејќи и пакетот по својата природа исто така е поштенска пратка, а неговата тежина започнува од 0,1 и до 10 кг.

Консеквентно, нејасни се критериумите според кои се опишани и дефинирани пратките од опфатот на резервираната област, ако се земе во предвид енумерацијата на пратките во дефиницијата од Законот за „поштенска пратка". Имено таа дефиниција без неопходната систематичност на едно место сместува и групи и типови на пратки и видови на услуги. И уште повеќе таквата листа иако не е целосна, личи како да е конечна. Затоа и е нејасно зошто е изоставено писмото како тип на поштенска пратка, а вклучен е „пакет со означена вредност" што претставува вид на поштенска услуга. Дефиницијата за пратка за коресподенција од член (4) од ЗПУ е недоволна и непрецизна, а негативната енумерација на книги, каталози, весници, списанија и пакети, е сосема беспредметна. Ова посебно, ако се видат претходните дефиниции за поштенска пратка и за пакет. Дефиницијата за директна пошта ги исклучува фактурите, сметките и финансиските извештаи, иако тие како исправи и пишан материјал можат да бидат само содржина, која содржина е од финансиски, а не од рекламен карактер.

**Правна рамка**

Законот содржи одредби за резервираната услуга со кои се дефинира поимот, содржината и опфатот на пратките, како и време на важење и примена на одредбите кои ја регулираат оваа материја.

Така, во членот 4, став (1) алинеја 10, во Дефиниции, **резервирани поштенски услуги** се прием, сортирање, пренос и дистрибуција на пратки за кореспонденција во внатрешниот поштенски сообраќај и на пратки за кореспонденција кои пристигнуваат во Република Македонија од меѓународен поштенски сообраќај, со тежина до 50 гр. Во резервирани поштенски услуги спаѓа и директната пошта во рамките на истото ограничување за тежина. Понатаму, во членот 41 ставови (3) и (4) е пропишано дека

(3) Резервираните поштенски услуги давателите се должни да ги обезбедуваат по цена најмалку два и пол пати повисока од цената по која давателот на универзална услуга ги обезбедува пратките за кореспонденција од стандардна категорија во првата тежинска стапка, и дека (4) Ограничувањата за тежина и цена од ставот (3) на овој член се однесуваат и на услугата на директната пошта.

Во продолжение во ставот (5) од истиот член е пропишана забрана за давателите на поштенски услуги да обезбедуваат пратки за кореспонденција и услуги на директна пошта од ставовите (3) и (4) на тој член по цени пониски од пропишаното ограничување. Непочитувањето на вака пропишаната забрана санкционирано е понатаму во ЗПУ, во прекршочните одредби од член 80 став (1) алинеја 6 и ставови (2),(3) и (4) и од член 83 став (1) алинеја 5 и став (4).

Временоит карактер на резервираната област и ексклузивното право на Давателот на универзалната услуга да обезбедува резервирани поштенски услуги се гледа во одредбата од член 92 каде во ставот (1) е пропишан датумот кога престанува постоењето и правото на резервирани поштенски услуги.

**Цели и решенија**

Сметаме дека постои сериозен недостаток во систематиката на групите, типовите и видовите пратки кои влегуваат во состав на поимот „поштенски пратки". Тоа што групата писмоносни пратки воопшто не се ни спомнува во Законот и може да се припише на неговата недоволна систематичност, а претставува недореченост, сепак нема последици врз актуелниот македонски поштенски пазар, кој функционира со номенклатурата на пратки препознатлива и традиционално историски, но и актуелни во светски рамки.

Во оваа смисла, сметаме дека е соодветно законската рамка да се интерпретира и применува во рамките на следната систематика:

Според критериумот каква е целта и функцијата на услугите што се обезбедуваат со таа група пратки (писмена комуникација или достава на стоки), поштенските пратки може да ги поделиме на две главни групи: 1.писмоносни пратки и 2.пакети.

Во групата на писмоносни пратки, според формата на пишаниот и друг материјал кој се пренесува во пратките, разликуваме две подгрупи, секоја со по неколку типови пратки. Првата во кој спаѓаат: писмо, поштенска картичка, мал пакет и втората - печатени работи, во која спаѓаат: книги, каталози, весници и периодични списанија.

Според карактерот на содржината на пишаниот материјал кој се пренесува со писмо, разликуваме: директна пошта, пратка за кореснoденција, трансакциско писмо и други.

Кога пишаниот материјал во писмото има рекламни и маркетиншки содржини се работи за Директна пошта. Кога во писмото има пишана содржина со карактер на општа, лична, деловна и правно релевантна кореcподенција, тоа е Пратка за

коресподенција, а за Трансакциско писмо станува збор тогаш кога во писмото има сметки, фактури, финансиски извештаи или содржина која има карактер на исправа по закон и чие испраќање/достава предизвикува финансиски обврски за примачот.

Ако вака се толкуваат одредбите за опсегот на резервираната услуга, резервирани се поштенските услуги за пратките за коресподенција и за директната пошта, а трансакциските писма не се вбројуваат во резервирани поштенски услуги.

Евентуалното прифаќање на аргументите изнесени во ова Мислење, би ги ослободило услугите за писмата до 50 грама кои содржат фактури, сметки и финансиски извештаи од опфатот на резервираната област. Трансакциските писма се најчесто масовни пратки, Б2Ц, од класата на пратки за кои не се бара достава за следен ден, приемот се врши во сортинг центри или дистрибутивни центри, се предаваат со извесен степен на претходна обработка (пред сортирани), предмет се на попусти во цената, се испраќаат со услугата обично писмо - без доказ за прием и достава, со уфрлање во куќно поштенско сандаче.

Евентуалната одлука, исто така, треба да ги земе во предвид обемот на пратки и барањата и очекувањата на клиентите испраќачи на вакви писма.

**Преглед на прописи кои треба да се изменат**

**-Правилник за општите услови за обезбедување на универзалната услуга** („Службен весник на РМ“ бр.146/2011)

Правилникот треба да претрпи промени во делот I. Општи одредби, во дефинирање на поимите, и во делот II. Видови поштенски услуги во опсегот на универзалната услуга, со систематика соодветна на номенклатурата на услугите кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга АД Македонска пошта и услугите наведени во неговиот ценовник.

Влатко Атанасоски
Директор,
Агенција за пошти

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

ПРИЛОГ 1:

Од Законот за поштенските услуги

**Дефиниции**
Член 4

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:
- **поштенска пратка** е пратка адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на поштенски услуги. Во поштенски пратки спаѓаат пратки за кореспонденција, пратки за слепи лица, директна пошта, книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети кои содржат стока со или без означена вредност,
- **пратка за кореспонденција** е комуникација во писмена форма на каков било физички медиум која треба да се пренесе и достави на адресата означена од испраќачот на самата пратка или на нејзината обвивка, од страна на давател на поштенски услуги. Книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети не се сметаат за пратки за кореспонденција,
- **директна пошта** е комуникација која се состои само од рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал со идентична порака која се испраќа на поголем број лица и се доставува на адресата што ја означил испраќачот на самата пратка или на нејзината обвивка. Сметките, фактурите и финансиските извештаи не се сметаат за директна пошта. Комуникација која содржи комбинација од рекламен материјал и други пратки во иста обвивка не се смета како директна пошта,
- **пакет** е поштенска пратка со определена големина и тежина која содржи стока со или без означена вредност,
- **препорачана пратка** е услуга со која паушално се гарантира против ризици од губење, ограбување или оштетување на пратката со која на испраќачот, на негово барање, му се обезбедува доказ за достава на пратката на примачот,

-**пратка со означена вредност** е услуга со која се осигурува поштенската пратка до вредноста која ја означил испраќачот во случај на губење, ограбување или оштетување на пратката,